**ООУ„Наум Охридски“, Булачани**

**Гази Баба – Скопје**

# ПРОТОКОЛ ЗА РАБОТА ВО УСЛОВИ НА КОВИД 19 ЗА УЧЕБНАТА 2020/2021 ГОДИНА

Септември, 2020 година

# Протокол за работа на ООУ„Наум Охридски“, Булачани – Скопје во услови на КОВИД 19, за учебната 2020/2021 година

## ВОВЕДНИ ОДРЕДБИ

Врз основа на доставените задолженија од страна на Кризниот штаб на општина Гази Баба, како и задолженијата добиени од Протоколот за постапување на основните училишта во Република Северна Македонија за реализација на воспитно - образовниот процес со физичко присуство на учениците во учебната 2020/2021, подготвен од страна на Владата, со цел безбеден и успешен почеток и тек на наставата, ООУ„Наум Охридски“, Булачани – Скопје изготви Протокол за работа на ООУ„Наум Охридски“, Булачани – Скопје во услови на КОВИД-19 за учебната 2020/2021 година.

Протоколот за работа на ООУ„Наум Охридски“, Булачани – Скопје ги регулира начинот за одржување на наставата во услови на КОВИД-19, начинот за влез и излез од училиштето на учениците и вработените, задолженијата и обврските кои ги имаат учениците, родителите и вработените во насока на заштита од КОВИД-19 и планот за дезинфекција на објектот. Почитувањето на Протоколот е во насока на заедничка заштита и ги намалува шансите за ширење на вирусот во објектот.

## ОРГАНИЗАЦИЈА

Заради постигнување на целите утврдени во наставните програми и обезбедување здравствена заштита на учениците и вработените во ООУ „Наум Охридски“, работата на училиштето се организира на начин кој ќе овозможи училиштето да претставува безбедна средина за работа и учење.

Учениците и вработените кои во училиште доаѓаат и од него си одат со користење на автобуски превоз, во автобусот задолжително треба да носат заштитни маски и да стојат/седат на растојание еден од друг и од другите патници во автобусот.

Целиот наставен кадар кој во тој ден ги обавува своите работни задачи во училиштето, задолжително треба да биде присутен во училишната зграда најмалку 15 минути пред почетокот на доаѓање на учениците (во с. Црешево најдоцна до 07:30 часот, во с. Булачани најдоцна до 07:45 часот, во с. Раштак најдоцна во 08:00 часот).

Училиштето има по еден влез/излез на училишните згради во с. Црешево и с. Булачани и низ него влегуваат/излегуваат сите вработени и ученици по одреден распоред. Учениците кои ќе учат во иста смена во училиштето во с. Раштак ќе влегуваат/излегуваат на два различни влеза/излеза.

Учениците од дадено одделение во соодветен термин влегуваат во училиштето по претходно изготвен Распоред за влез кој ќе биде истакнат на видно место на влезот во дворот на училиштето и пред влезот на училишната зграда, со цел учениците и родителите/старателите навремено да се информираат. Влегувањето на учениците е под надзор на лицето од обезбедувањето и еден наставник или лице од технички персонал и еден наставник или најмалку двајца наставници.

Одделенскиот наставник е должен да го прифати во училиште ученикот кој до училиште патува со автобус и заради распоредот на автобуската линија е дојден порано во училиште, во однос на времето истакнато во распоредот за неговата паралелка.

Поздравувањето помеѓу вработените во училиштето, помеѓу вработените и учениците, вработените и родителите и помеѓу учениците задолжително треба да да биде без физички контакт и на дистанца не помала од 2 метри.

Почетокот на наставата на првата група од смената и завршувањето на наставата на последната група од смената се означува симболично со ѕвонење на училишното ѕвонче од страна на одговорно лице задолжено за тоа. Училишното ѕвонче не ѕвони за почеток и крај на одморите и истите се најавуваат усно од страна на наставникот.

Учениците/родителите/вработените при влегување во училишниот двор и училишната зграда задолжително треба да ги почитуваат означените места за застанување на минимално дозволено растојание заради поедично влегување навработените и учениците низ влезната врата на училиштето.

Секој ученик/вработен при влегување во училиштето задолжително треба да носи заштитна маска. Заштитната маска мора да ги покрива устата и носот.

Секој ученик/вработен на влезот на училишната зграда задолжително стапнува со двете нозе на подлогата за дезинфекција на обувки.

Секој ученик/вработен на влезот на училишната зграда задолжително ги дезинфицира рацете со поставеното средство за дезинфекција.

Вршењето на постапката за дезинфекција од страна на учениците е под надзор на наставник.

При влезот на учениците, вратата на училницата треба да постојано да биде биде отворена. Учениците ги поминуваат постапките за дезинфекција и потоа одат во својата училница без попатно да допираат било какви предмети, огради,

училишен мебел и слично. Учениците не смеат да се задржуваат по ходниците на училиштето.

Се забранува симнување на заштитната маска од лицето во внатрешноста на училиштето. Училиштето обезбедува заштитна маска за ученик на кој истата во текот на престојот во училиште му е на некој начин оштетена или од било која причина е несоодветна за користење.

Родителите/старателите ги испраќаат и ги пречекуваат учениците пред влезот на училиштето во училишниот двор, до местото каде ги превзема, односно предава наставникот. Дозволено е само еден од родителите да го придружува ученикот до влезот на училиштето.

Се забранува влегување на родителите/старателите во училишната зграда.

Доколку има потреба, дозволено е во придружба на ученик со попреченост внатре во училиштето да влезе само едно лице кое доследно ќе ги почитува мерките за заштита: одржување физичка дистанца, носење маска, вршење дезинфекција. Доколку ученикот со посебни образовни потреби има назначен асистент, тогаш влегувањето во училиште на тој ученик може да биде помогнато/поддржано од страна на асистентот, почитувајќи ја мерката за физичка дистанца и носење на маска.

По завршување на наставата, учениците заминуваат од училиште еден по еден, под надзор на наставникот. Доколку дозволуваат временските услови, наставникот го реализира последниот час надвор и од таму го организира заминувањето на учениците со почитување на мерките за заштита.

Одделенскиот наставник е должен да го згрижи ученикот во училиште или училишен двор доколку ученикот треба да чека да го земе родител или треба да чека автобус повеќе од 15 минути.

Ученикот и неговиот родител/старател задолжително мора да ги почитуваат мерките за заштита и со своето однесување не смеат да го загрозат здравјето на било кој вработен во училиштето.

Во училиштето не смеат да влегуваат надворешни лица додека трае наставата. Сите пратки до училиштето се доставуваат до службено лице, надвор од училишната зграда.

Доколку е потребна итна интервенција од страна на надворешно стручно лице (доктор, електричар, водоинсталатер и сл.) тогаш му се дозволува влез во училишната зграда со маска на лицето и претходна дезинфекција.

Во случај на временска непогода, пожар или земјотрес се применуваат мерките за заштита од елементарни непогоди и се следи планот за евакуација комбинирано со мерките за лична заштита од Ковид 19.

**НАСТАВА**

Наставата во ООУ „Наум Охридски“, Булачани – Скопје се одвива во две смени. Помеѓу термините на завршување на првата и почетокот на втората смена не смее да има помалку од 30 минути.

Во секоја смена се одредени еден или двајца дежурни наставници. Дежурните наставници ги распределуваат задолженијата за ротациски дежурства на сите други наставници присутни во училиштето тој ден.

Одделенијата во иста смена почнуваат со настава во различно време. Со настава во исто време во иста училишна зграда може да почнат најмногу две одделенија, чиј вкупен број на деца не надминува 30. Со настава во исто време во иста училишна зграда може да почнат најмногу две одделенија кои влегуваат на различни влезови.

Училиштето на влезот на училишната зграда, во ходниците и училниците поставува едукативно-информативни материјали за почитување на заштитните превентивни мерки: носење заштитни маски, одржување на физичко растојание, редовно миење со сапун и вода и дезинфицирање на рацете. Сите наставници кои го реализираат првиот час со паралелката, задолжително им ги посочуваат овие материјали на учениците и накратко објаснуваат за личната заштита од Ковид 19 во училиште, дома и во надворешна средина (тоа понатаму може секој ден да го прави различен ученик од одделението).

Заради големата површина на училишните дворови, се препорачува наставниците дневно за параалелката да планираат барем 1 час настава надвор, доколку временските прилики го дозволуваат тоа.

Одделенскиот наставник, односно раководителот на паралелката задолжително споделува со учениците печатени или видео материјали од UNICEF, МОН или БРО (на пр. https://youtu.be/Y2_huTWCvgQ , https://youtu.be/i-V4POsOdy8 ) и разговара на тема заштита од Ковид 19, прилагодено на возраста на учениците, особено на првиот училишен ден.

Наставникот на учениците во прво одделение осмислува креативни начини за да им ја објасни потребата од носење заштитна опрема, држење дистанца и одржување хигиена.

Задолжително е запазување поголема физичка дистанца од најмалку 1,5 метар помеѓу учениците во училницата, помеѓу учениците и наставникот или другите вработени во училиштето, како и помеѓу вработените, за време на часовите и за време на одморите.

Клупите и катедрата во училницата се наместени соодветно препораките за одржување дистанца, на растојание од најмалку 1.5 метар На секоја клупа седи по еден ученик.

Училницата е добро проветрена и секогаш има отворен прозорец.

Наставниот час ќе трае зависно од одлуката на ресорното министерство.

Наставните часови, секаде каде што е можно, се реализираат поврзани во блокови од по 2 часа. Се препорачува тоа да бидат часови со интегрирани цели. Наставникот може да испланира едниот од блок - часовите да го одржи надвор, за што еден ден претходно ќе го извести дежурниот наставник.

Помеѓу блок-часовите паралелката има одмор. За време на одморот учениците се под надзор на наставник.

За време на одморот учениците ја конзумираат својата ужина. Согласно Протоколот за постапување на основните училишта во РСМ за реализација на воспитно - образовниот процес со физичко присуство на учениците во учебната 2020/2021, донесен од Владата ученикот ужинката ја носи подготвена од дома

Доколку за време на блок часовите некој ученик има потреба да излезе од училницата, него во ходникот го прифаќа и го спроведува до определеното место дежурен наставник, лице од обезбедувањето или од техничкиот персонал.

Наставникот не смее да ја напушти училницата додека учениците се внатре. Доколку наставникот заради неопходна потреба мора да излезе надвор од училницата, за замена го повикува дежурниот наставник.

Дневникот на паралелката го носи наставникот на првиот час и тој за време на сите часови стои на катедрата во училницата. Наставникот кој го реализира последниот час, по неговото завршување го враќа дневникот во канцеларија.

За време на часовите учениците не смеат меѓусебно да си споделуваат книги, прибор или други лични предмети.

Редовната настава се реализира согласно Наставниот план за реализација на наставата во основните училишта за учебната 2020/2021 година и согласно наставните програми.

Наставниците треба да ги избегнуваат групната форма на работа и работата во парови како организациони форми за реализација на работа на учениците на часот. Се препорачува примена на активни методи на учење и почитување на индивидуалните можности, потреби и интереси на учениците.

Доколку дозволуваат временските услови, наставата по физичко и здравствено образование задолжително се реализира надвор, со почитување на мерките за безбедно растојание. Се забрануваат групни спортови каде учениците не можат да одржат растојание од минимум 2 метри.

Учениците за потребата на изведување индивидуални вежби во рамки на наставата по физичко и здравствено образование, застануваат на точно обележани маркери за застанување на спортското игралиште, на безбедно растојание едни од

други. Физичките вежби не смеат да предизвикаат преголем напор и потење кај учениците.

Учениците од една паралелка треба да престојуваат во една просторија за време на целиот престој внатре во училиштето.

Додатната настава, дополнителната настава и воннаставните активности, согласно Законот, се задолжителни за реализација. При реализација на додатна, дополнителна настава или слободни ученички активности се вклучуваат мал број на ученици и никако не смеат да се групираат ученици од различни паралелки и одделенија.

Во училишната библиотека/медијатека пристап има само библиотекарот /медијатекар. Тој ја доставува соодветната литература до учениците и наставниците преку организиран шалтерски систем.

Учениците со посебни образовни потреби задолжително треба да бидат вклучени во наставата (со физичко присуство или online) и да им се обезбеди поддршка од страна на наставниците и стручните соработници (специјален едукатор и рехабилитатор, психолог, педагог) според ИОП прилагоден на условите за работа на училиштето.

Родителите на учениците со посебни образовни потреби, како и учениците со респираторни, хронични и/или ретки болести имаат право да одлучат дали нивните деца ќе присуствуваат на наставата во училиште или ќе следат online-настава. Ваквото барање до училиштето родителот го поткрепува со медицинска документација и потврда од матичен лекар. Училиштето е должно да ѝ овозможи на оваа категорија ученици наставата да ја следат од дома, со приклучување на часот online.

Образовниот или личниот асистент на ученикот со посебни образовни потреби се вклучува во паралелката, при што треба да се придржува кон сите правила на физичко растојание, заштитна маска, засилена лична хигиена, да поттикнува физичка дистанца помеѓу учениците и да помага во одржување на целокупната хигиена.

## ХИГИЕНА

Пред започнување на учебната година сите три училишни згради на ООУ„Наум Охридски“ се детално исчистени и дезинфицирани.

Вработените од техничкиот персонал од утринската смена влегуваат први во училишните згради. Последни го напуштаат училиштето вработените од техничкиот персонал од попладневната смена, кои претходно ги чистат и дезинфицираат сите користени простории и површини.

Училиштето има план за одржување на хигиената на просторот, а директорот определува одговорни лица за следење на неговата реализација. Планот содржи листа со задолжителни термини за чистење на тоалетот, холовите, училниците. На планот за реализација се потпишува техничкиот персонал, а увид во редовното одржување на хигиената врши одговорното лице.

Површините кои почесто се изложени на допир, се дезинфицираат на почетокот и на крајот на секоја смена и после секоја промена на корисникот, а најмалку два пати на ден. Такви површини особено се:

- рачки (кваки) на вратите и на прозорците, рамки на вратите,
- работни површини (маси, клупи, катедри),
- тастатури и мауси, капак на фотокопир,
- славини на чешми во тоалетите и кујните,
- далечински управувачи од проектори,
- прекинувачи за напојување со електрична енергија и штекери,
- различни наставни материјали, опрема за играње, наставни средства и помагала што ги користат учениците, корици на книги и енциклопедии и
- други површини што ги користат повеќе луѓе.

Забрането е користење на уреди за климатизација и вентилација во училиштето.

Чистењето на училниците се врши во време кога учениците се во училишниот двор и по завршување на сите училишни активности.

Чистењето се врши со вода и сапун/детергент и средство за дезинфекција , согласно препораките на СЗО: 70% етил алкохол за дезинфекција на мали површини и опрема, натриум хипохлорит 0.1% за дезинфекција на санитарии и други површини.

Санитарните јазли, холовите, скалите и останатите заеднички простории се чистат меѓу одморите, додека учениците се на настава и по завршувањето на сите училишни активности.

Сите училишни простории задолжително се проветруваат, најмалку половина час пред пристигнувањето и веднаш по заминувањето на учениците, а проветрувањето е задолжително и помеѓу двете смени. Доколку дозволуваат временските услови, во училниците и другите простории секогаш стои отворен прозорец.

Учениците задолжително ги мијат рацете со сапун и вода:

- пред и по јадење,
- пред и по употреба на тоалет,

- по доаѓање од надвор и
- кога рацете изгледаат валкани.

Рацете треба да се мијат согласно упатствата за правилно миење на раце кое наставниците им го презентираат на учениците од видео или печатен материјал (https://www.unicef.org/northmacedonia/mk/сѐ-што-треба-да-знаете-околу-миењето-нарацете-за-да-се-заштитите-од-корона-вирусот-ковид-19 )

По миењето со сапун и вода, рацете треба да се исушат со хартиена крпа за еднократна употреба, која се фрла во корпа за отпадоци со капак.

Во училиштето на точно определени и соодветно обележани места се поставени корпи со капак и ножна педала за отварање за фрлање на заштитните маски за еднократна употреба и другита заштитна опрема, со соодветни вреќи за безбедно одлагање на истите. Корпите се празнат периодично, најмалку двапати дневно.

Тоалетот во училиштето работи со преполовен капацитет од вкупниот број на кабини односно места за миење раце кои ги поседува, на што внимава редар пред тоалетот – лице од технички персонал или дежурен наставник.

Средствата за дезинфекција на рацете за учениците и вработените се поставени на: влезот во училиштето, во самото училиште: во ходниците, во секоја училница и службените простории за вработените во училиштето.

Средствата за дезинфекција на рацете во училница се поставени на секоја клупа за учениците и на катедра за наставникот.

Дезинфекцијата на раце се прави на суви и чисти дланки со едно притискање на диспанзерот на средството. Дланките и областа помеѓу прстите треба да се протријат додека не се исушат, а производот не се плакне.

Училиштето постојано и навремено набавува соодветната количина на средства за дезинфекција на рацете, сапун, хартиени бришачи за раце и резервни маски за лице за учениците и вработените кои заборавиле да понесат своја.

Училиштето има заштитни мантили, визири (најмалку по 2 во една училишна зграда), заштитни маски и ракавици за заштита на вработениот задолжен за оддвојување на дете кое манифестирало појава на симтоми карактеристични за Ковид 19. Оваа опрема стои на означено место, пристапно за сите вработени.

## СЛЕДЕЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНАТА СОСТОЈБА НА УЧЕНИЦИТЕ И ВРАБОТЕНИТЕ ВО УЧИЛИШТЕТО

Вработените/учениците во ООУ „Наум Охридски“ секој ден пред тргнување на работа/училиште треба да ја измерат телесната температура.

Ученикот кај кој има покачена телесна температура, не доаѓа на училиште, а родителот за настанатата ситуација задолжително го информира одделенскиот раководител, стручната служба или директорот и матичниот лекар. Родителот понатаму е должен да доставува информации до училиштето во врска со здравствената состојба на неговото дете.

Децата со знаци на други заразни болести исто така не смеат да доаѓаат на училиште.

Ученик кој е во самоизолација наставата ја следи онлајн од дома.

Вработен кој пред поаѓање на работа измерил покачена телесна температура, за настанатата ситуација телефонски го информира директорот на училиштето и матичниот лекар кој работи согласно протоколите утврдени од Комисијата за заразни болести. Вработениот е должен да го известува директорот за својата здравствена состојба, посебно за резултатите доколку е направено тестирање за КОВИД 19.

Температурата на вработените со неконтактен термометар се мери секојдневно при нивното доаѓање на работа.

Доколку кај лице со симптоми на треска или други симптоми неконтактен термометар покаже зголемена температура, се мери температурата и со стандарден живин термометар и истата се определува врз основа на такво мерење.

Училиштето има определана просторија во која може да се изолира лице кое ќе манифестира симптоми карактеристични за КОВИД-19.

Дежурниот наставник/стручниот соработник со содветна заштитна опрема го превзема ученикот кој манифестирал симптоми на КОВИД-19 додека е во училиште и веднаш го спроведува во просторијата определена за изолација. Вработен од стручната служба или дежурен наставник веднаш го известува родителот /старателот на ученикот, кој во најкраток временски период треба да го земе детето од училиште со цел консултација и натамошни активности со матичниот лекар на ученикот.

Вработениот со температура и/или карактеристични респираторни симптоми веднаш треба да го напушти работното место, информирајќи го претходно директорот на училиштето. Вработениот не доаѓа на работа се додека не добие потврда од матичниот лекар дека со неговото присуство не ја загрозува здраствената состојба на другите вработени и учениците во училиштето.

Просторијата каде престојувало лице (ученик или вработен) кое развило симптоми карактеристични за КОВИД 19, треба веднаш да се напушти и истата да се дезинфицира. Учениците кои биле присутни во таа просторија треба безбедно да се спроведат во друга просторија.

Наставен кадар кој има лесни симптоми на КОВИД-19 вирусот или е во домашна изолација, во договор со директорот, наставата може да ја врши онлајн од својот дом.

Наставниците со хронични и ретки болести се ослободени од физичко присуство во училиштето и работните задачи ги реализираат од дома.

Во случај на сомневање дека некој од вработените во училиштето имал контакт со заразено лице со КОВИД-19, вработениот не доаѓа на работа и веднаш го известува директорот по телефон и го известува матичниот лекар по телефон за да се утврди потребата од боледување.

По добивањето на информацијата дека ученик или вработен во текот на наставата јавил симптоми на КОВИД-19, директорот на училиштето е должен веднаш да контактира со Центарот за јавно здравје за добивање на натамошни насоки за постапување, да ги извести МОН и општината, а за преземените активности да подготви и достави писмен извештај до МОН и општината.

Директорот на основното училиште од редот на вработените во училиштето определува лице за водење евиденција за епидемиолошката состојба на вработените во училиштето и учениците.

Директорот на училиштето задолжително, со почетокот на учебната година, определува негова замена, со цел непречена работа на училиштето во случај на негово заболување од вирусот. Замената на директорот ги има сите можности за спроведување на сите одредби во Протоколот.

## АКТИВНОСТИ ЗА ПСИХОЛОШКА ПОДДРШКА

Стручната служба во училиштето (психолог, педагог, специјален едукатор и рехабилитатор) се достапни за учениците и вработените во секое време во текот на наставата во двете смени.

Контактите од вработените од стручната служба се ставени на веб-страната на училиштето.

Зависно од потребите, стручниот тим во училиштето организира индивидуални психоедукативни, советодавни или терапевтски средби со вработени или ученици или пак групни работилници, почитувајќи ги притоа мерките за заштита.

Најстрого се забранува исмејување или навредување во било која форма од страна на ученик спрема друг ученик кој во своето семејство имал или има случај на заболен од КОВИД-19. Стручната служба и одделенските раководители помогнати од стручната служба организираат дискусија со учениците на тема

стигматизација, односно справување и надминување на стереотипи за лица кои биле заразени со КОВИД-19 или кои се претпоставува дека се заразени (ученици, наставници, други вработени од училиштето, родители и останати членови од семејствата на соучениците, учениците, наставниците итн.).

Стручната служба му пружа поддршка на дете кое пројавило знаци на вознемиреност и стрес за време на наставата.

Доколку се јави потреба, стручната служба му пружа поддршка на дете изолирано заради пројавување симптоми на КОВИД 19 и со своето присуство и дејствување допринесува да се намали вознемиреноста на детето до доаѓањето на неговиот родител.

Стручната служба воспоставува контакти и советодавно разговара со родителите кои, заради страв од зараза, не го пуштаат своето дете во училиште.

Стручната служба воспоставува контакти и советодавно разговара со родителите чие дете, заради уверување дека вирусот КОВИД 19 не постои, одбива да ги почитува мерките на заштита.

## ЗАВРШНИ И КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

Родителите/старателите одржуваат постојана комуникација со одделенскиот раководител и соработуваат со училиштето. Тие треба внимателно да ги прочитаат, да му ги објаснат на своето дете и да помогнат во придржувањето кон препораките кои се однесуваат за нив за начинот на одржување на наставата, посебно правилата за дистанца, хигиена и носење заштитна опрема.

Управата на училиштето пред почетокот на учебната година ги известува родителите по телефон или други соодветни средства за комуникација, за сите донесени правила, мерки и дадени насоки кои  осигуруваат училиштето да биде безбедна средина за нивните деца.

Пренесувањето на информациите и состаноците со родителите/старателите се одвиваат преку телефон или преку некоја онлајн апликација. Доколку е нопходно одделенскиот/класниот раководител да организира родителска средба со физичко присуство на родителите, тоа се организира со мали групи родители/старатели, со почитување на мерките за заштита. – пропишана дистанца и задпжително носење заштитна маска.

Директорот на училиштето, наставниците и другите вработени треба да се пример во почитувањето на Протоколот. Не е дозволиво никакво прекршување на одредбите предвидени во овој Протокол или мерките и протоколите донесени од страна на Владата за заштита од КОВИД-19

## Мерки за непочитување на Протоколот од страна на наставниците и другите вработени

Против вработен во училиштето кој нема да го почитува Протоколот за работа на ООУ„Наум Охридски“, Булачани – Скопје за учебната 2020/2021 година, ќе биде покрената дисциплинска постапка и изречена соодветна казна, согласно Законот за работни односи и согласно Законот за основно образование.

На вработен кој не носи маска не му се дозволува влез во објектот на училиштето. Доколку вработениот не носи заштитна маска истата му се обезбедува од училиштето, по што следи опомена од страна на дирекоторот. Училиштето обезбедува заштитна маска за вработен на кого истата му е оштетена или неупотреблива од било која друга причина.

Сите вработени во училиштето се должни да ја следат динамиката за контрола на влезот и излезот на учениците, процесот на дезинфекција и престој за време на настава. Секое непочитување од страна на вработените се санкционира со соодветна дисциплинска мерка.

Директорот на училиштето е должен да го предупреди и санкционира секој наставник кој онлајн наставата нема да ја води на висина на задачата и навремено.

Доколку вработен во училиштето со своето однесување надвор од училиштето свесно се доведе во опасност од зараза од КОВИД 19 себе си, а со доаѓање на работа и другите вработени и ученици во училиштето, против него ќе биде покрената дисциплинска постапка и изречена соодветна казна, согласно Законот за работни односи и согласно Законот за основно образование.

Доколку со законски прибавени докази се утврди дека вработен дава лажна изјава за својата здравствена состојба, против него ќе биде покрената дисциплинска постапка и изречена соодветна казна согласно Законот за работни односи и согласно Законот за основно образование.

За непочитувуање на Протоколот од страна на вработениот, директорот ги превзема следните дисциплински мерки:

1. Писмено предупредување на вработениот за непочитувањето на Протоколот, со наведување на јасната одредба која е прекршена.

2. Писмено изрекување мерка опомена за непочитување на Протоколот, со наведување на јасната одредба која е прекршена.

3. Писмено решение за намалување до 15% на последната исплатена месечна нето плата на вработениот,  во траење од 1 до 6 месеци со наведено образложение за причините за истото.

5. Поведување дисциплинска постапка за прекин на работниот однос.

## Мерки за непочитување на Протоколот од страна на учениците

Ученик кој покажува несоодветно однесување и непочитување на некоја од мерките за заштита од Ковид 19 се упатува на разговор со психолошко-педагошката служба и за истото веднаш се известува родителот. Разговорот е од советодавна природа и се води во засебна просторија, наменета за истото или надвор без присуство на трети лица.

Доколку ученикот нема заштитна маска, истата при влез му ја обезбедува училиштето и претставник од стручната служба телефонски го опоменува родителот/старателот дека детето не смее да доаѓа во училиште без заштитна маска.

Доколку ученикот за време на наставата ја отстранува маската од носот и/или устата, наставникот усно го опоменува. Доколку ученикот истата постапка свесно ја повторува во текот на својот престој во училиштето на дневна основа, одделенскиот раководител го известува родителот/старателот и на ученикот му се изрекува педагошка мерка.

Доколку ученик од првиот период (I - III одд.) продолжи со несоодветно однесување и непочитување на мерките за заштита од Ковид 19 и по извршениот разговор со психолошко-педагошката служба и известувањето на неговиот родител, истиот се изолира од другите ученици и неговиот родител се повикува во училиштето. Со родителот и ученикот се обавува советодавен разговор.

Доколку ученик од вториот и/или третиот период (IV - IX одд.) продолжи со несоодветно однесување и непочитување на мерките за заштита од Ковид 19 и по извршениот разговор со психолошко-педагошката служба и известувањето на неговиот родител, истиот се изолира од другите ученици и неговиот родител се повикува во училиштето. Оваа постапка директно повлекува изрекување на педагошка мерка незадоволително поведение за ученикот. Со родителот и ученикот се обавува советодавен разговор.

Доколку ученик од првиот период (I - III одд.) продолжи со несоодветно однесување и непочитување на мерките за заштита од Ковид 19 и по советодавната работа заедно со неговиот родител, истиот се изолира од другите ученици и неговиот родител се повикува во училиштето. Овој ученик понатаму ја следи наставата online, а за тоа се известува Државниот просветен инспекторат.

Доколку ученик од вториот и/или третиот период (IV - IX одд.) продолжи со несоодветно однесување и непочитување на мерките за заштита од Ковид 19 и по изрекувањето на педагошката мерка незадоволително поведение и советодавната работа заедно со неговиот родител, истиот се изолира од другите ученици и

неговиот родител се повикува во училиштето. Овој ученик понатаму ја следи наставата online, а за тоа се известува Државниот просветен инспекторат.

## Мерки за непочитување на Протоколот од страна на родителите/старателите

Училиштето нема да дозволи влез на ученик и на истиот ќе му бидат евидентирани неоправдани изостаноци, доколку родителот/старателот свесно и на негово барање инсистира неговото дете да не носи заштитна опрема за време на престојот во училиштето.

Родителот/старателот е должен да дава точни и навремени информации за здравствената состојба на неговото дете. Секое давање лажни или ненавремени информации од страна на родителот/старателот за здравствената состојба на ученикот ќе биде повикан на одговорност, согласно законските прописи.

Родителот/старателот е одговорен за здравјето на своето, но и за здравјето на другите деца и вработените во училиштето. Секој родител/старател за кој со утврдена епидемиолошка анкета од страна на Институтот за јавно здравје се утврди дека се заразил поради свесно непочитување на активните мерки за заштита од вирусот донесени од страна на Владата и при тоа ги ставил во ризик останатите ученици и вработени во училиштето, ќе биде повикан на одговорност согласно законските прописи.

Доколку родител/старател при физичко присуство во училиштето со своето однесување ги повредува одредбите на овој протокол и со тоа го става во опасност здравјето на вработените и учениците во училиштето, истиот се пријавува кај органите за внатрешни работи и против него се покренува кривична пријава.

Булачани,

07.09.2020 година

ВД Директор

________________________

Даниела Димишковска